**Front 21/42** www.front.org.mk
Headquarters: Branislav Nusic 8-5/9, 1000 Skopje / Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

---

# Статут
# на
# Еколошко здружение на граѓани
# „ФРОНТ 21/42“

**Скопје, 12.06.2016**

**Front 21/42** www.front.org.mk
Headquarters: Branislav Nusic 8-5/9, 1000 Skopje / Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

---

Врз основа на член 18 и член 104 од Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник на Р.М. бр.52 од 16.04.2010 година) и одлука за основање на Еколошкото здружение на граѓани „Фронт 21/42“, Собранието на Еколошкото здружение на граѓани „Фронт 21/42“ на ден 12.06.2016 година го донесе следниов:

# С Т А Т У Т

## НА

## ЕКОЛОШКО ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ „ФРОНТ 21/42“

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**
**Дефиниција на здружението**
Еколошкото здружение на граѓани „Фронт 21/42“ од Скопје е здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните, заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања, како и заради вршење на дејности и активности за заштита и унапредување на животната средина и градење на еко-свеста.

Еколошкото здружение на граѓани „Фронт 21/42“ своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите уредени со Уставот на Република Македонија, со овој Статут, како и со другите законски норми кои регулираат материја од оваа област.

**Член 2**
**Име и седиште на здружението**
Името на здружението е: Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42“.
Името на англиски јазик е: Environmental Citizens Association “Front 21/42”.
Скратеното име е: Фронт 21/42
Седиште на Еколошкото здружение на граѓани „Фронт 21/42“ е во Скопје, Република Македонија на ул. Бранислав Нушиќ бр. 8-5/9.

**Член 3**
**Поле на дејствување на здружението**
„Фронт 21/42“ дејствува на територија на Република Македонија.

„Фронт 21/42“ дејствува и на меѓународно ниво во согласност со својата генерална политика.

**Член 4**
**Статус на здружението**
„Фронт 21/42“ има статус на правно лице, со права и обврски и одговорности утврдени со закон и со овој Статут.

**Член 5**
**Симболи на здружението**
„Фронт 21/42“ има свој печат. Печатот е со кружна форма и во него е впишан текст на македонски јазик со кирилично писмо: „Здружение на граѓани „ФРОНТ 21/42 – Скопје“.
Штембилот на „Фронт 21/42“ е правоаголен со следниот текст: „Здружение на граѓани ФРОНТ 21/42 – Скопје“

## II. МИСИЈА И ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 6**
**Мисија на здружението**
Ултимативната мисија на „Фронт 21/42“ е хармонизација на општеството со природата.

**Член 7**
**Цели на здружението**
Целите на „Фронт 21/42“ се:

- Заштита и унапредување на животната средина и одржлив развој;
- Транспонирање и спроведување на меѓународното законодавство и легислативата на ЕУ во областа на животната средина во РМ;
- Поттикнување и унапредување на еколошката демократија;
- Еколошка едукација и подигнување на еколошката свест;
- Промоција на светските еколошки трендови во Македонија;
- Поврзување и делување со организации, здруженија и поединци кои имаат слични цели.

## III. ДЕЈНОСТИ СО КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ЦЕЛИТЕ

**Член 8**
**Начин на остварување на целите на здружението**

„Фронт 21/42“ има сопствена структура што ќе подготвува иницијативи за реализација на гореспоменатите мисија и цели.

„Фронт 21/42“ ќе соработува и со други организации и поединци за истите цели.

**Член 9**
„Фронт 21/42“ ги остварува целите преку следните активности:

- Спроведување на кампањи, конкретни акции и информирање на јавноста;
- учество во креирање политики и донесување одлуки поврзани со животната средина;
- набљудување на донесување и спроведување на политики, програми, одлуки и други акти од областа на животната средина;
- правна помош од областа на еколошкото право;
- изготвување на анализи, студии и научни трудови од областа на животната средина;
- организирање на обуки и други форми на едукација.

## IV. НАЧИН НА ЧЛЕНУВАЊЕ, ИСКЛУЧУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 10**
**Зачленување во здружението**
Членувањето во „Фронт 21/42“ е доброволно.
Член во „Фронт 21/42“ може да биде секој граѓанин – државјанин на Република Македонија како и државјанин на други држави, независно од неговата возраст во согласност со Статутот (при тоа основачите мора да се полнолетни, но членството не мора).

Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во здружението со давање потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување во организацијата во согласност со закон.

Лицата со ограничена деловна способност или лицата на кои им е одземена деловната способност можат да бидат членови на здружението со давање потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување во организацијата во согласност со закон.

Зачленување во „Фронт 21/42“ се врши со пристапница.

**Член 11**
**Регистар на членови**
„Фронт 21/42“ за своите членови води регистар на членство, кој се ажурира еднаш годишно.
„Фронт 21/42“ ја гарантира анонимноста на личните податоци на сите членовите.
Личните Податоци од Регистарот на членови се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

**Член 12**
**Права на член на здружението**
Членот има право активно да учествува во Собранието, да избира и да биде избран во органите на здружението, да учествува во работата на Здружението и да придонесува во развојот и унапредувањето на Здружението.

**Член 13**
**Обврски на членовите на здружението**
Обврски на членовите на Здружението се:

- да земаат активно учество во спроведување на Програмата на активностите на здружението;
- да присуствуваат на годишните и останатите состаноци;
- редовно да ја плаќаат членарината.

**Член 14**
**Исклучување и престанок на членување**
Членството во Здружението престанува со смрт, со истапување, со неплатена членарина за тековната година или со исклучување од членството.
Секој член може доброволно да истапи од здружението со доставување изјава за истапување.
Секој член на Здружението кој ќе промовира идеи или дејствува во спротивност со целите и задачите на Здружението наведени во член 7 од овој Статут, ќе биде исклучен од Здружението.
Престанок на членството настапува со одлука на Собранието.

## V. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 15**
**Органи за здружението**
Органи на „Фронт 21/42“ се:
**1. Собрание;**

**2. Управен одбор;**
**3. Извршна канцеларија.**

## V.1. Собрание

**Член 16**
Собранието се состои од сите членови на „Фронт 21/42“. Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 17**
Собранието е највисок орган на здружението и го сочинуваат сите членови.
Со Собранието претседава Претседател на Собранието.
Претседател на Собранието се избира на годишно собрание со мнозинство гласови.
Мандатот на Претседателот е една година со право на реизбор.

**Член 18**
Седница на Собранието свикува Претседателот на собранието.
Седница на Собранието се свикува и по предлог на Управниот одбор на Здружението или на 1/5 од вкупниот број членови на Собранието.
Ако Претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.

**Член 19**
Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број претставници.
Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните претставници.
Во надлежност на Собранието е следното:

- донесува Статутот, програма и други акти и извршува измени и дополнувања на истите;
- избира и разрешува членови на Управен одбор (и други органи);
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб страница;
- одобрува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за промена на целите на „Фронт 21/42“;

- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на „Фронт 21/42“;
- одлучува за статусните измени на „Фронт 21/42“,
- одлучува за престанок на „Фронт 21/42“ со двотретинско мнозинство гласови од сите членови;
- расправа за постигнатите резултати на „Фронт 21/42“ и дава насоки за натамошен развој;
- донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на „Фронт 21/42“;
- врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

## V.2. Управен одбор

**Член 20**
Собранието на „Фронт 21/42“ од редовите на своите претставници избира Управен одбор.

Управниот одбор управува со Здружението односно го води работењето на „Фронт 21/42“ под сопствена одговорност и дејствува во сите околности од име на Здружението, а во согласност со целите на „Фронт 21/42“.
Управниот одбор е орган на општо управување и врши надзор над секојдневното работење на „Фронт 21/42“.
Своите права и обврски Управниот одбор ги врши во согласност со Статутот и општите акти на „Фронт 21/42“.

**Член 21**
Управниот одбор на Здружението брои најмалку 3 (три) члена.
Во Управниот одбор не може да членуваат лица кои се во работен однос и/или имаат договор на дело со „Фронт 21/42“.
Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 2 (две) години, со право на реизбор.
Управниот одбор од своите редови избира Претседател со мандат од 2 (две) години со право на реизбор.

Управниот одбор на Здружението е извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Здружението во согласност со Статутот.

**Член 22**
Во надлежност на Управниот одбор:

- стратешко планирање на развојот на „Фронт 21/42“;

- ги спроведува статутарните и програмските задачи на „Фронт 21/42“, како и одлуките и заклучоците на Собранието;
- предлага измени и дополнувања на Статутот;
- изготвува пречистена верзија на Статутот;
- донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- свикува седници на Собранието и спрема материјали;
- донесува одлука за висината на членарината;
- донесува одлуки за формирање на постојани и привремени тела и/или на Здружението органи и ја насочува нивната работа;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- донесува одлуки за набавка и отуѓување на основните средства поголеми од 3000 евра во денарска противвредност;
- врши надзор над работењето на Извршната канцеларија;
- именува и разрешува Директор на Извршна канцеларија;
- ја усвојува годишна програма за работа на Извршната канцеларија;
- дава насоки и совети со цел подобрување на работата на Извршната канцеларија;
- дава согласност на Правилникот за организација на работите и работните задачи;
- донесува одлуки по приговори и жалби;
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и законите.

**Член 23**
Управниот одбор се состанува и одржува седници по потреба а најмалку два пати годишно.
Седницата на Управниот одбор ја свикува Претседателот.
Предлог за свикување на Управниот одбор може да поднесе една половина од Управниот одбор, една третина од претставниците во Собранието или на барање на Извршниот директор.
Со седницата раководи и претседава Претседателот, а во негово отсуство член кој ќе го избере Управниот одбор.

## V.3. Извршна канцеларија

**Член 24**
„Фронт 21/42“ е организиран во Извршна канцеларија, која е одговорна за раководните, како и за стручните и административните работи, односно ги води секојдневните работи, поддршката на органите на Фронт 21/42 и

спроведувањето на политиката и програмите одобрени од органите на Фронт 21/42.

**Член 25**
Извршната канцеларија ја сочинуваат Извршен директор, раководните лица за дефинираните програми и потребниот број соработници (персонал, вработени).

Извршниот директор ги избира соработниците раководејќи се од принципите на интегритет, компетентност, ефикасност и афирмативност.

Организацијата и работата на Извршната канцеларија се уредува со акти што ги донесува Управниот одбор.

**Член 26**
Извршната канцеларија:

- ги следи и анализира општествените трендови и проблеми во областа на животната средина;
- пишува, поднесува и реализира проекти кои произлегуваат од годишниот работен и финансиски план и ги спроведува сите активности за реализација на стратешките и програмски определби на „Фронт 21/42“;
- подготвува материјали и извештаи за својата работа за Управниот одбор;
- идентификува и подготвува краткорочни, среднорочни и годишни програми и планови за работа како и финансиски планови;
- оперира со финансиските средства;
- извршува канцелариски работи, ја чува архивата и води сметководство;
- одржува односи со јавноста.
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Здружението и законите.

**Член 27**
Со Извршната канцеларија раководи Извршен директор кој е овластен застапник на „Фронт 21/42“ со цел тековно и непречено работење. Извршен директор на „Фронт 21/42“ може да биде деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Македонија во согласност со закон.

Правата и обврските Извршниот директор на „Фронт 21/42“ ги врши во согласност со закон, Статутот и актите на Здружението.

---

**Член 28**
Членовите на управниот одбор предлагаат Извршен Директор.
Извршниот Директор се бира со консензус на сите членови на Управниот одбор.
Извршниот Директор може да биде отповикан од Управниот одбор со апсолутно мнозинство или со мнозинство гласови на членови во Собрание.

Управниот одбор го ангажира Извршниот директор со договор и тој за својата работа одговара пред Управниот одбор.

**Член 29**
Управниот одбор може да ја отповика секоја одлука, решение или друг акт на Извршниот директор со мнозинство гласови доколку смета дека истата не е во согласност со закон, Статутот и актите на здружението.
Извршниот директор учествува на седниците на Управниот одбор без право на глас.
Извршниот директор нема право на поднесување предлог измени на Статут.

**Член 30**
Извршниот директор:

- ги спроведува одлуките, решенијата и други акти на Управниот одбор;
- го застапува „Фронт 21/42“ во правниот промет со трети лица и одговорен е за комуникацијата и соработката со други страни;
- раководи со Извршната канцеларија, ја планира, организира и спроведува работата;
- ги следи и ги анализира состојбите, проблемите и јавните политики во дејноста на „Фронт 21/42“, дава прогнози и предвидувања, покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работата;
- поднесува периодични извештаи до Управниот одбор и годишни извештаи до Собранието;
- изготвува и предлага Правилник за организација на работите и работните задачи;
- формира пописни и други комисии;
- се грижи за правилно и економично работење со средствата;
- склучува договори за работа, ги води и мотивира соработниците, воспоставува показатели и ги оценува работните достигнувања;
- врши и други работи во негова надлежност во согласност со законите, Статутот и општите акти на „Фронт 21/42“.

## VI. НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА

**Член 31**
**Стекнување средства**
„Фронт 21/42“ остварува средства од:

- членарина;
- донаторство;
- спонзорства; и
- други извори согласно Статут и закон.

**Член 32**
**Располагање со средствата**
Средствата на „Фронт 21/42“ се употребуваат за специфични цели, задачи и активности, во согласност со овој Статут и со општите акти на „Фронт 21/42“ и во согласно со условите и ограничувањата на донаторите.
Вишокот на приходите над расходите (добивката) остварен од „Фронт 21/42“ не смее да биде дистрибуиран како таков на ниедно лице, туку мора да биде употребен исклучиво за остварување на целите, задачите и активностите на „Фронт 21/42“.

**Член 33**
**Управување со средствата**
Управниот одбор ќе управува со финансиските средства на „Фронт 21/42“, согласно позитивните законски прописи, заради остварување на урамнотежен биланс на приходите и расходите.
Финансиските акти на „Фронт 21/42“ ги потпишуваат Претседателот на Управниот одбор или лице овластено за тоа.
Управниот одбор може да формира комисии, работни групи и други тела за соодветно управување со средствата.

**Член 34**
**Висина и начин на распределба на средствата**
Финансиската година се совпаѓа со календарската година.
Висината и начинот на распределба на средствата на „Фронт 21/42“ се утврдува секоја година со финансискиот план, а врз основа на годишниот план за работа.

## VII. ОСНОВНИ НАЧЕЛА НА РАБОТЕЊЕТО

**Член 35**
**Јавност во работењето**

Работата на „Фронт 21/42“ е јавна. Јавноста ја обезбедуваат органите на „Фронт 21/42“ кои се обврзуваат да обезбедат систем на информирање на јавноста.

**Член 36**
**Отчетност на работата**

Јавноста на работењето на „Фронт 21/42“ се остварува преку транспарентно објавување на статутите и другите акти на организацијата во согласност со Статутот на организацијата.

**Член 37**
**Непрофитност**

„Фронт 21/42“ е непрофитно здружение.
„Фронт 21/42“ може да врши дејности со кои може да стекне со добивка, ако дејноста е поврзана со целите утврдени со Статутот.
Ако во работењето на здружението, „Фронт 21/42“ оствари добивка таа мора да биде употребена за остварување на целите утврдени со Статутот. Остварената добивка не може да се распределува меѓу основачите, членовите, членовите на органите, вработените или кое било друго со нив поврзано лице.

**Член 38**
**Непартиско дејствување**

„Фронт 21/42“ не може да врши активности на политичка партија, односно не може да обезбедува директно или индиректно финансирање на конкретна политичка партија и да влијае на изборите.
Како влијание на избори се подразбира учество на организациите во избори и изборна кампања за одредена политичка партија и директно или индиректно финансирање на изборна кампања на политичката партија.

**Член 39**
**Иницијативи во јавниот живот**

„Фронт 21/42“ слободно да ги искажува и промовира своите ставови и мислења за прашања од свој интерес, поведуваат иницијативи и да учествува во градење на јавно мислење и креирањето на политиките.

## VIII. НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА СТАТУСНИ ПРОМЕНИ И ПРЕСТАНОК НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

**Член 40**
**Одлучување за статусни промени на здружението**

Статусната измена подразбира присоединување, спојување и поделба на организацијата извршена врз основа на одлука донесена од органот во согласност со Законот за здруженија и фондации и Статутот на „Фронт 21/42“.
Одлука за статусни промени на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови.

**Член 41**
**Престанок на работата на здружението**
„Фронт 21/42“ престанува со својата работа, доколку:

- за тоа одлучат членовите на Здружението;
- бројот на членови се намали под бројот на основачи;
- ако настапат причини утврдени со член 63 од Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник на Р.М. бр.52 од 16.04.2010 година)

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови.

## XI. ПОСТАПУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА И ИМОТОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

**Член 42**
Во случај на престанок на работата на „Фронт 21/42“, со имотот и со средствата што останууваат по намирување на обврските, располага Црвениот крст на Македонија.

## XII. НАЧИН НА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

**Член 43**
Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.
Собранието го донесува, изменува и дополнува Статутот.
Претседателот на Управниот одбор го потпишува Статутот.

Предлог за измени и дополнувања на Статутот може да поднесе секој член на Здружението до Собранието, освен Извршниот директор.

Управниот одбор доставува мислење во врска со предлог измените до Собранието а Собранието ја усвојува одлуката за измена.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 44**
Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на Здружението, а помеѓу две собранија, Управниот одбор на Здружението.

**Член 45**
Овој Статут стапува на сила од денот на неговото усвојување од страна на Собранието.

**Член 46**
Со усвојување на овој Статут престанува да важи Статутот на Еколошкото здружението на граѓани „Фронт 21/42“ од Скопје усвоен на 06.04.2011 година.

**Potpis pretsedatel na upraven odbor**
**+ zapisnicar**